Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 304//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од **ЈП Комунална хигиена,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Скопско секојдневие: Мини депонии на секој чекор“**, објавен од онлајн медиумот Скопје инфо.мк (skopjeinfo.mk) на 29.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 04.06.2025 г., упати жалба за текстот **„Скопско секојдневие: Мини депонии на секој чекор“**, објавен од онлајн медиумот Скопје инфо.мк (skopjeinfo.mk) на 29.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на мешање на факти и мислења, вест со коментар, незастапена втора страна, нарушување на приватноста и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „во споменатиот текст е објавена фотографија со која се прикажува купишта кабаст отпад, када и друг градежен материјал оставени до контејнери. Сметаме дека фотографија не е автентична, односно не е направена во реално време и не ја отсликува моменталната состојба на терен. Сметаме дека истата е објавена тенденциозно, со цел да се доведе во заблуда јавноста, да се наруши угледот на ЈП Комунална хигиена – Скопје и да му се нанесе штета на Претпријатието“.

До медиумот бил упатен и демант кој не бил објавен.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот „Скопско секојдневие: Мини депонии на секој чекор“, објавен од онлајн медиумот Скопје инфо.мк (skopjeinfo.mk) на 29.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека медиумот известува за состојбата со чистење на сметот, тема од висок јавен интерес.

Суштината на жалбата е сомнеж во автентичноста и моментот на настанување на фотографијата. Подносителот наведува дека таа не ја одразува реалната состојба и дека поради тоа ѝ се нанесува штета на ЈП Комуналната хигиена. Кратко пребарување на фотографијата покажува голем број слични фотографии објавени на социјалните мрежи.

Всушност медиумот и навел дека фотографијата е преземена од социјалните мрежи, што е прифатлива практика кога се работи за илустративен материјал на општа појава, на која граѓаните се секојдневно сведоци. Ова не претставува кршење на Кодексот на новинари, сѐ додека фотографијата не е манипулативна, лажно претставена како реална или неосновано поврзана со конкретна институција или поединец. Во конкретниот случај, таква поврзаност не постои — ниту во насловот, ниту во текстот се наведува дека ЈП Комунална хигиена е одговорна за локацијата или за одреден пропуст.

Што се однесува до демантот, Комисијата смета дека не постои обврска за објавување демант доколку претходната содржина не содржи фактички обвинувања или критика што бара одговор. Објавување демант само затоа што некој се препознал во содржината би создало несразмерна реципрочност и неосновано би ги оптоварило медиумите до мерка што тие не би можеле да функционираат.

Поради тоа, Комисијата на крајот од расправата заклучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595